# С Т А Т У Т
# на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ Скопје
**(Пречистен текст од 06.07.2021 година)**

**Предмет**

**Член 1**

1.1. Со овој Статут се уредуваат подробностите во поглед на организацијата, работењето, финансирањето и престанокот на Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје (во понатамошниот текст: Комора МАСИТ), а пред се, целите и задачите на Стопанската Комора.

**Цел**

**Член 2**

2.1. Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје се основа за унапредување на правно - економскиот и деловен амбиент во Република Македонија, унапредување на стручните и деловните обичаи и норми, воспоставување на соработка со релевантни домашни и странски институции, застапување и заштита на интересите на стопанските субјекти на територијата на Република Македонија, а кои работат во областа на информатичката и комуникациската технологија (во понатамошниот текст: ИКТ).

2.2. За целта од став 1 на овој Закон, Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје, низ оперативни и конкретизирани активности, ги артикулира и ги врши следните дејности:

- развој на пазарно стопанство, слободно претприемаштво и поттикнување конкуренција во ИКТ секторот
- подобрување на ефикасноста на работењето и работата на членовите и нивната организираност и оспособување на ИКТ кадрите
- давање стручна помош на членките во развој на одделни ИКТ дејности, усвојување и воведување на современи технологии и методи на работење во ИКТ индустријата и во работењето воопшто
- поттикнување и координирање на истражувањата и развојот на техничко- технолошките достигнувања
- обезбедување на квалитетна и стручна помош и деловни услуги за членовите
- воспоставување и развој на стопанска соработка со странство, со посебна насоченост кон промоција на стоките и услугите, економската пропаганда, организирање на саеми, учество во развивањето на надворешно трговските работи и соработка со коморите и организациите од другите држави
- забрзување на развојот на ИКТ стопанството
- организирање стручно оспособување, преквалификација и доквалификација на стручни кадри
- развивање и организација на единствен организациски систем и деловно информирање за значајни податоци од домашната и светската економија за развојни проекти, актуелни специјализирани информации од кредитно- монетарната, даночната, царинската политика и пазарот, технологијата и извозно- увозните можности

- застапување на интересите на членките пред државните органи, посебно во подготвување на законодавството во областа на стопанството, мерките и механизмите на стопанскиот систем и економската политика и утврдување на макроекономската и развојната политика и информирање за подготовките и промените на законските и другите процеси од ИКТ стопанството
- склучување и следење на колективните договори
- давање на мислења од ИКТ областа
- вршење и на други работи од интерес на членките

**Правен статус**

**Член 3**

3.1. Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје е самостојна и независна, со својство на правно лице.
3.2. Својството на правно лице се стекнува со денот на уписот во регистарот на комори при Централен Регистар на Република Македонија.

**Член 4**

4.1. Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје е непрофитна.
4.2. Доколку Комората оствари добивка преку своето работење, вршење на јавни овластувања или од друг допуштен извор со позитивното право, таа добивка не може да биде предмет на распределба помеѓу членките, туку исклучиво за поддржување и остварување на задачите и целите заради кои е основана.

**Одговорност**

**Член 5**

5.1. За своите обврски Стопанската Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ Скопје одговара со сиот свој имот.

**Членување**

**Член 6**

6.1. Во Комората се зачленуваат правни и физички лица вршители на дејност со седиште односно живеалиште во Република Македонија, а кои вршат дејност од областа на информатичката технологија и комуникациите и кои својот статус го потврдуваат со упис во соодветен регистар или на друг начин со кој е идентификуван нивниот статус.
6.2. Правните и физичките лица вршители на дејност членуваат во Комората на основа на дејноста што ја вршат и стручноста со која располагаат.
6.3. Членките на Комората МАСИТ можат истовремено да членуваат во повеќе комори.
6.4. Собранието на Комората може да прима почесни и придружни членки.
6.5. МАСИТ е отворен за членство за сите заинтересирани кои работат во Република Македонија и кои како своја основна дејност имаат дејност која што е од доменот на информатичката или комуникациската технологија.

6.6. Критериумите за прием во членство се одредуваат со посебен Правилник за прием во членство на МАСИТ кој го донесува Собранието на МАСИТ.
6.7. Со Правилникот од претходниот став на овој член се определуваат и критериумите и условите на почесното членство во Комората МАСИТ.
6.8. Одлуката за прием на нов член ја донесува Управниот Одбор како делегирано право од Собранието на Комората МАСИТ, а членството се верификува на редовно годишно Собрание на Комората.
6.9. Секој член на Комората МАСИТ може да биде исклучен од членство доколку со своето постапување во Комората МАСИТ или вон Комората МАСИТ и нанесува директна или индиректна штета на Комората МАСИТ и неговите цели на постоење и работење.
6.10. На барање на другите членови на Комората МАСИТ, на база на одлука, решение за исклучување на член донесува Собранието.
6.11. Член на Комората МАСИТ може да истапи од членство, но под услов да ги исполни обврските кон Комората МАСИТ.

**Членарина**

**Член 7**

7.1. Членовите на Комората плаќаат членарина рангирана во неколку категории.
7.2. Категориите на членство и висината на членарината во паричен износ е дефинирана со посебен Правилник за висина на членарината донесен од Собранието на Комората МАСИТ.
7.3. Собранието на Комората може да дозволи ослободување од плаќање на членарина за определен член под посебни услови и посебни причини утврдени со посебен правилник.

**Име и лого**

**Член 8**

8.1. Полното име на Комората е:
Стопанска Комора за Информатички и Комуникациски Технологии – МАСИТ Скопје.
8.2. Скратено име е:
МАСИТ Скопје.
8.3. Стопанската Комора МАСИТ има лого со кириличен и латиничен фонт во повеќе бои.

**Седиште**

**Член 9**

9.1. Седиштето на Комората МАСИТ е во Скопје на улица Максим Горки број 5/1, Скопје - Центар.

**Соработка и здружување**

**Член 10**

10.1. Комората може да соработува со стопански комори од државата и странство, меѓународни и домашни органи и организации и поединци.
10.2. Комората МАСИТ, заради целите од член 7, став 2 од Законот за стопански комори, може да стапи во сојуз или друг облик на поврзување и здружување со други комори.

**Јавност во работата**

**Член 11**

11.1. Работата на Комората е јавна.
11.2. Јавноста се обезбедува преку сите достапни и легални средства за јавно комуницирање и обраќање вклучително и современите технологии на публикување информации.

**Органи и тела**

**Член 12**

12.1. Органи на Комората се:
- Собрание,
- Управен Одбор,
- Надзорен Одбор,
- Претседател на Комората

12.2. Постојани тела на Комората се:
- Работни групи
- Здруженија
- Суд на честа

**Собрание**

**Член 13**

13.1. Собранието на Комората е највисок орган и него го сочинуваат сите членови.
13.2. Членовите на Комората МАСИТ за заедничките работи одлучуваат на Собрание на Комората МАСИТ.
13.3. Собранието може да одлучува на седници со физичко присуство, или онлајн на интернет на платформа која овозможува присуство со слика и тон, евидентирање присуство и гласање, како и интернет гласање, преку електронска пошта, или писмено по факс.
13.4. Собранието се состанува најмалку еднаш годишно на редовно собрание, или повеќе пати во текот на годината како вонредно Собрание.
13.5. Собранието задолжително се состанува на барање на најмалку 10% од бројот на членовите на Комората МАСИТ, или на барање на Управниот Одбор, или на барање на Надзорниот одбор.
13.6. Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на собранието ќе се определи со Правилник за работа на Собранието на МАСИТ кој во рок од 60 дена ќе го изготви Управниот Одбор и ќе му го предложи на усвојување на Собранието по пат на гласање преку електронска пошта.
13.7. Сите одлуки Собранието на Комората МАСИТ ги донесува со обично мнозинство, освен одлуката за престанок на Комората МАСИТ, која се донесуваат со двотретинско мнозинство од присутните.
13.8. Работен кворум на Собранието е половина плус еден член од вкупниот број на членови на Комората МАСИТ, освен за донесување одлука за престанок на работа на Комората МАСИТ за која е потребен работен кворум од 2/3 од членството .
13.9. Секој член на Комората МАСИТ во Собранието е претставен само со еден глас.

13.10. Заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на МАСИТ, може да се спроведе електронско гласање (гласање преку електронска пошта) од страна на членките на МАСИТ.
13.11. Електронско гласање ќе се применува селективно: Претседателот на Собранието, во зависност од природата и итноста на прашањата од Дневниот ред, за секој случај поединечно одлучува дали ќе се спроведе електронско гласање, или ќе свика седница на Собранието.
13.12. Претседателот на Собранието може да одлучи електронско гласање да се спроведе за сите или само за поединечни точки од Дневниот ред. Оние точки од Дневниот ред за кои нема да се спроведе електронско гласање, ќе бидат ставени на Дневниот ред за наредната седница.
13.13. Електронско гласање се спроведува на основа Правилник изготвен и донесен од Управниот одбор.
13.14. Веднаш по истекот на определениот рок, Претседателот на Собранието преку електронска пошта ќе ги извести членовите на МАСИТ за резултатите од електронското гласање.
13.15. Гласањето преку електронска пошта ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство, како и гласањето извршено на седница на Собранието на МАСИТ.

**Член 14**

14.1. Собранието на Комората МАСИТ е овластено да ги донесува сите одлуки, вклучувајќи ја и одлуката за предвремено распуштање или продолжување на траењето на Комората МАСИТ.
14.2. Собранието му ги делегира на Управниот Одбор сите права и обврски на донесување одлуки освен оние за исклучување на член, прифаќање на годишен извештај за работење, контрола и глобални правци на развој на МАСИТ, престанок на работењето и постоењето на Комората МАСИТ, избор на Надзорен Одбор и избор на Управен Одбор, избор на Суд на честа, како и избор на Претседател на Собранието.

**Управен одбор**

**Член 15**

15.1. Управниот Одбор на Комората е нејзин орган на управување кој за својата работа му одговара на Собранието на Комората МАСИТ.
15.2. Оперативното управување работење и донесување на одлуки во име на МАСИТ, освен оние кои се останати во надлежност на Собранието, како делегирано право ги врши Управниот Одбор избран од Собранието .
15.3. Управниот Одбор брои 11 члена – лица претставници на друштвата членки на МАСИТ, кои поднесуваат полномошно за претставување на членката.
15.4. Изборот на членови на Управниот Одбор се врши според Правилник за избор, состав и работа на членови на Управниот Одбор, донесен од страна на Собранието на МАСИТ, со тоа што во истиот ќе биде предвидено дека 5 членови на Управниот одбор се избираат по големина, 4 членови од целокупното членство на Собрание и 2 члена по покана и избор на членовите на Управниот одбор избрани од Собранието на МАСИТ како делегирана обврска од Собранието на Комората МАСИТ, според споменатиот правилник.
15.5. Управниот Одбор има мандат од 3 (три) години од датумот на неговиот избор на редовното годишно собрание. Мандатот е неделив, така што во случај на престанокот на членство во Управен Одбор на еден или повеќе членови на Управен Одбор, новите членови на Управен Одбор се стекнуваат со мандат само до истекот на мандатот на целиот Управен Одбор.

15.6. Мандатот на Управниот Одбор може да биде продолжен еднократно во случај на неможност за избор на нов Управен Одбор, недоволно кандидатури за избор и други посебни објективни околности вклучително и потреба за обезбедување на континуирано работење на истиот состав на Управниот Одбор на активности и работи од значителна важност, за период не подолг од 2 (две) години. Посебните објективни околности заради кои може да се изврши еднократно продолжување на мандатот на Управниот Одбор како и начинот на продолжување на мандатот се подетално уредени во Правилникот за за избор, состав и работа на Управниот одбор на Стопанска Комора МАСИТ, донесен од страна на Собранието на МАСИТ.
15.7. Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на Управниот одбор ќе се определи со Правилникот за за избор, состав и работа на Управниот одбор на Стопанска Комора МАСИТ, донесен од страна на Собранието на МАСИТ.
15.8. Управниот Одбор може да одлучува на седници, преку интернет гласање по електронска пошта, или писмено по факс.
15.9. Управниот Одбор се состанува секој месец, според план за состаноци кои се усвојува на редовното годишно собрание на МАСИТ.
15.10. Управниот Одбор задолжително се состанува на барање на Собранието, Претседателот на Управниот Одбор, на барање на некое работно тело, комисија, комитет, совет, здружение, како и на барање од најмалку 3 членови на Управниот Одбор.
15.11. Собранието му ги има делегирано на Управниот Одбор сите права и обврски на донесување одлуки, освен оние за исклучување на член, прифаќање на годишен извештај за работење, контрола, глобални правци на развој на МАСИТ, избор и разрешување на Претседател и измена и дополнување на Статутот.
15.12. Управниот одбор има право на предложување на измени и дополнувања на Статут, прием на членки, склучување договори како и давање на други предлози на Собранието кои се во надлежност на одлучување на Собранието.
15.13. Работен кворум на Управен одбор се постигнува со присуство на 7 членови на Управниот Одбор.
15.14. Сите одлуки, Управниот Одбор на МАСИТ ги донесува со мнозинство кое е дефинирано во Правилникот за за избор, состав и работа на Управниот одбор на Стопанска Комора МАСИТ.
15.15. Секој член на Управниот Одбор на МАСИТ е претставен само со еден глас.
15.16. Со работата на Управниот Одбор на МАСИТ раководи и претседава Претседател на Управниот Одбор со еден мандат од 3 (три) години, избран со просто мнозинство од страна на членовите на Управниот Одбор, најдоцна во рок од 3 дена по одржувањето на годишното Собрание.
15.17. Претседателот на Управниот Одбор на МАСИТ го претставува Управниот Одбор и ги потпишува донесените одлуки на Управниот Одбор.
15.18. Претседателот на Управниот Одбор на МАСИТ, во случај на спреченост на Извршниот директор за обавување на неговите должности на определено време, од оправдани причини (болест или виша сила), како и во случај на отказ или отпуштање на Извршниот директор, има овластувања до ниво на извршен директор согласно менаџерскиот договор на Извршниот директор. Овие овластувања се од привремен карактер, до изборот на нов Директор на Комората. Во случај на конфликт на интереси на Претседателот на Управниот одбор со извршување на некоја конкретна задача во функција на замена на Извршниот директор, за секој поединечен случај, ќе се ополномошти член на Управниот одбор за извршување на конкретната задача.

15.19. Претседателот на Управниот Одбор, во рок од 3 дена по неговото назначување, од редот на членовите на Управниот Одбор, избира свој Заменик.
15.20. Ако Претседателот не ја извршува својата функција согласно Деловникот за работа, членовите на УО може да предложат негова смена. Иницијатива за смена на Претседателот на УО може да поднесат најмалку 5 од членовите на УО.

**Член 16**

16.1. Управниот Одбор може да истакне конкурс и да одлучи за прием на лице за позицијата.
16.2. За Извршен Директор не може да биде избрано физичко лице кое што според Законот за трговски друштва не може да биде управител, член на орган на управување или на орган на надзор во трговско друштво.
16.3. Извршниот Директор превзема права и обврски во правниот промет во рамките на предметот на работење на Комората МАСИТ.
16.4. Посебните права и обврски на Извршниот Директор се определуваат со менаџерски договор изготвен и одобрен од Управниот Одбор најдоцна од 5 дена пред стапување на работа на Извршниот Директор.
16.5. Во менаџерскиот договор на Извршниот Директор задолжително се внесуваат ограничувања во работењето условени со претходна согласност на Управниот Одбор, како и клаузула за материјална одговорност за евентуалните пречекорување на овластувањата.
16.6. Извршниот директор му одговара за својата работа на Управниот Одбор.

**Надзорен одбор**

**Член 17**

17.1. Надзорниот Одбор врши надзор врз законитоста, материјално – финансиското работење и правилноста на работата на Комората и за својата работа го известува Собранието на Комората.
17.2. Надзорниот одбор се состои од 3 члена и истиот се бира со мандат од 3 (три) години, а го избира Собранието на Комората МАСИТ на своето редовно годишно собрание.
17.3. Мандатот на Надзорниот Одбор може да биде продолжен еднократно во случај на неможност за избор на нов Надзорен Одбор, недоволно кандидатури за избор и други посебни објективни околности вклучително и потреба за обезбедување на континуирано работење на истиот состав на Надзорниот Одбор на активности и работи од значителна важност, за период не подолг од 2 (две) години. Посебните објективни околности заради кои може да се изврши еднократно продолжување на мандатот на Надзорниот Одбор како и начинот на продолжување на мандатот се подетално уредени во Правилникот за избор, состав и работата на Надзорниот Одбор на Стопанска комора МАСИТ, донесен од страна на Собранието на МАСИТ.
17.4. Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на Надзорниот Одбор ќе се определи со Правилникот за избор, состав и работата на Надзорниот Одбор на Стопанска комора МАСИТ, кој го усвојува Собранието на МАСИТ.
17.5. Надзорниот одбор може да поставува предлози и прашања на дневен ред на Управниот Одбор како и да го свикува Управниот одбор.

**Претседател на Комората МАСИТ**

**Член 18**

18.1. Со работата на Собранието на МАСИТ раководи и претседава Претседател на Комората со еден мандат од 3 (три) години, избран со просто мнозинство од страна на членовите на редовното годишно собрание.
18.2. Мандатот на Претседателот на Комората може да биде продолжен еднократно во случај на неможност за избор на нов Претседател на Комората, недоволно кандидатури за избор и други посебни објективни околности вклучително и потреба за обезбедување на континуирано работење на Комората и нејзино преставување во правниот промет, за период не подолг од 2 (две) години. Посебните објективни околности заради кои може да се изврши еднократно продолжување на мандатот на Претседателот на Комората како и начинот на продолжување на мандатот се подетално уредени во Правилник/Деловник за работа на Собранието на Стопанска комора МАСИТ, донесен од страна на Собранието на МАСИТ.
18.3. Претседателот на Комората го претставува Собранието и ги потпишува донесените одлуки на Собранието.
18.4. Претседателот на Комората ја застапува и претставува Комората, раководи со работата на Собранието на Комората во насока на реализација на одлуките и заклучоците на нејзините органи и ја претставува Комората пред трети лица адекватно на нивото на конкретната комуникација.
18.5. Претседателот на Комората е одговорен за законитоста на работењето на Комората и има соодветни овластувања засновани на Закон и овој Статут, а кои не се од извршен карактер во преземање на обврски.
18.6. Начинот на работа на Претседателот на Комората ќе се определи со Правилник за работа на Собранието на МАСИТ, кој го усвојува Собранието на МАСИТ.

**Извршна канцеларија**

**Член 19**

19.1. Стручните, административно – техничките, помошните и другите работи за потребите на Комората ги вршат стручните служби, односно професионално вработените во Извршната Канцеларија на Комората.
19.2. Актите за организација и работење на стручните служби ги донесува Управниот Одбор.
19.3. Сите работни тела на МАСИТ ќе се конституираат по потреба, а веднаш по уписот на МАСИТ во регистарот на комори.
19.4. Работата на сите тела ќе се регулира со посебни Правилници за работни тела изготвени и донесени од Управниот Одбор.
19.5. Управниот Одбор може да задолжи соодветно тело самостојно да му предложи на Управниот Одбор текст на Правилник или друг акт кој се однесува на работата на тоа тело.
19.6. Секое тело може да поставува предлози и прашања на дневен ред на седница на Управен Одбор.

**Сегменти на работа**

**Член 20**

20.1. Сегментите на работа на Комората глобално се поделени во области дефинирани со Правилник за области на работа на Комитети, Работни Групи и Совет на ИКТ Експерти, кој го усвојува Собранието на МАСИТ на своето редовно годишно собрание.

**Јавни овластувања**

**Член 21**

21.1. Комората може да врши јавни овластувања утврдени со закон, под надзор на соодветно ресорно министерство.
21.2. За вршењето на јавните овластувања Комората поднесува редовен годишен извештај до соодветното ресорно министерство.
21.3. Вршењето на јавните овластувања Комората го реализира преку посебно тело основано со акт на Управниот Одбор, верификувано од Собранието.

**Финансирање**

**Член 22**

22.1. Комората МАСИТ се финансира од членарини, посебни наменски придонеси од членките за остварување на посебни интереси, наплата од извршени услуги, вршење на јавни овластувања, учество во комерцијални проекти, организација на настани, донации и други легални извори на финансирање.
22.2. Комората самостојно ја утврдува основицата за пресметка, висината и начинот на плаќање на членарината и другите придонеси, преку Правилник за висина на членарината кој го донесува Собранието на Комората.
22.3. Исклучок од ставот 2 на овој член е висината на надоместокот за вршењето на јавни овластувања која ја утврдува Собранието на Комората МАСИТ во согласност со Владата на Република Македонија.

**Член 23**

23.1. Комората МАСИТ генерира сопствена Финансиска Регулатива во поглед на начините на прибирање, трошење и распределба на средствата.
23.2. Заменик Претседателот на УО на МАСИТ по функција ја контролира доследноста во спроведувањето на финансиската регулатива и сите финансиски активности на Комората МАСИТ.

**Суд на честа**

**Член 24**

24.1. Комората може да формира Суд на Честа како независен орган, чија надлежност, состав, организација, финансирање, начин на избор и разрешување на неговите членови се одредуваат со Правилник за работа на Судот на Честа предложен од Управниот Одбор, а усвоен од Собранието.
24.2. Судот на честа се грижи за прашањата поврзани со добрите деловни обичаи и морал, како и за неизвршување на обврските и повредите на актите на Комората.
24.3. Судот на честа се состои од 3 члена и истиот се бира со мандат од 3 (три) години, а го избира Собранието на Комората МАСИТ на своето редовно годишно собрание.
24.4. Мандатот на Судот на Честа може да биде продолжен еднократно во случај на неможност за избор на нов Суд на Честа, недоволно кандидатури за избор и други посебни објективни околности вклучително и потреба од завршување на отпочнати постапки започнати пред Судот на Честа, за период не подолг од 2 (две) години. Посебните објективни околности заради кои може

да се изврши еднократно продолжување на мандатот на Судот на Честа како и начинот на продолжување на мандатот се подетално уредени во Правилик за работењето на Судот на Честа на Стопанска Комора за Информатички и Комуникациски Технологии МАСИТ – Скопје, донесен од страна на Собранието на МАСИТ.

**Престанок со работата**

**Член 25**

25.1. Комората може да престане со својата работа и постоење само под услови одредени со Закон.

**Член 26**

26.1. Измената и дополнувањата на овој Статут ги врши Собранието со просто мнозинство од бројот на присутните.

**Член 27**

27.1. Основните начела на работење и организирање на Комората МАСИТ произлегуваат од Законот за стопански комори и во таа смисла ќе се толкуваат сите термини и правни ситуации во рамки на работењето на Комората МАСИТ.

Скопје, 06.07.2021 година

**Претседател на Собрание на МАСИТ,**

_________________________

**Горан Попоски**